20250972143

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за виното (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 74/24 и 208/24) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ВИНО И БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ВИНО, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА, КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ВИНО

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на пријавување во Регистарот на производители на вино и бришење од Регистарот на производители на вино, потребната документација, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на производители на вино.

Член 2

Пријавувањето за упис во Регистарот на производители на вино се врши со поднесување на барање чиј образец е утврден во Правилникот за формата и содржината на барањето за упис во Регистарот на производители на вино, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, од страна на физичко или правно лице кое ги исполнува условите согласно член 39 став (1) од Законот за виното (*).

Член 3

(1) Со барањето од член 2 од овој правилник правното лице кое ги исполнува условите од член 39 став (1) од Законот за виното (*), до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги поднесува и следните документи:

- извод за тековна состојба на правно лице издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија кој не може да биде постар од 30 дена, со шифра на дејност „11.02 - Производство на вино од грозје“;
- доказ за сопственост (имотен лист) кој не може да биде постар од шест месеци или договор за користење или договор за послуга или договор за закуп на објектите и/или опремата кои се во сопственост на друго физичко или правно лице кое нема финансиски обврски за откупено винско грозје во претходните години;
- изјава од сопственикот на објектите и/или опремата дека нема финансиски обврски за откупено винско грозје во претходните години, доколку правното лице користи негови објекти и/или опрема за производство на вино врз основа на договор за користење или договор за послуга или договор за закуп;
- известување за започнување со вршење на дејност издадено од Министерството за економија и труд - Државен инспекторат за труд;
- извод од Регистарот на објекти и оператори со храна од неживотинско потекло со назнака на дејност: „Производство на вино од грозје“, издаден од Агенцијата за храна и ветеринарство;

- изјава од одговорното лице во правното лице дека во претходната година правното лице не било избришано од Регистарот за производители на вино поради неплаќање на финансиските обврски за откупено винско грозје;

- изјава од одговорното лице во правното лице дека нема доспеани финансиски обврски за откупено винско грозје во претходните години;

- образец М1 и М2 за вработено најмалку едно лице кое има завршено високо образование од областа на винарството, лозарството, енологијата или прехранбената технологија или договор за ангажирано лице со завршено високо образование од областа на винарството, лозарството, енологијата или прехранбената технологија, доколку капацитетот за преработка и чување на виното не надминува 100.000 литри годишно;

- доказ за завршено високо образование од областа на винарството, лозарството, енологијата или прехранбената технологија на вработените односно ангажираните лица од алинеја 8 на овој став;

- записник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државен инспекторат за земјоделство за исполнување на условите за упис на правното лице согласно Правилникот за поблиските услови во поглед на просториите и опремата за производство на вино и

- доказ за платени административни такси.

(2) Документацијата од став (1) на овој член се доставува во оригинал или копија заверена на нотар, вклучувајќи ги и изјавите.

Член 4

(1) Со барањето од член 2 од овој правилник физичкото лице кое ги исполнува условите од член 39 став (1) од Законот за виното (*), до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги поднесува и следните документи:

- доказ за сопственост (имотен лист) кој не може да биде постар од шест месеци или договор за користење или договор за послуга или договор за закуп на објектите и/или опремата кои се во сопственост на друго физичко или правно лице кое нема финансиски обврски за откупено винско грозје во претходните години;

- изјава од сопственикот на објектите и/или опремата дека нема финансиски обврски за откупено винско грозје во претходните години, доколку физичкото лице користи негови објекти и/или опрема за производство на вино врз основа на договор за користење или договор за послуга или договор за закуп;

- извод од евиденција на оператори со храна и објекти за производство и преработка на мали количества на производи од неживотинско потекло за директно снабдување до крајниот потрошувач со назнака на дејност: „Производство на вино од грозје“, издаден од Агенцијата за храна и ветеринарство;

- доказ дека физичкото лице има завршено најмалку средно образование или високо образование од областа на винарството, лозарството, енологијата или прехранбената технологија или договор за ангажирано лице со завршено високо образование од областа на винарството, лозарството, енологијата или прехранбената технологија, доколку капацитетот за преработка и чување на виното не надминува 50.000 литри годишно;

- изјава од физичкото лице дека во претходната година не било избришано од Регистарот за производители на вино поради неплаќање на финансиските обврски за откупено винско грозје;

- изјава од физичкото лице дека нема доспеани финансиски обврски за откупено винско грозје во претходните години;

- записник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државен инспекторат за земјоделство за исполнување на условите за упис на физичкото лице согласно Правилникот за поблиските услови во поглед на просториите и опремата за производство на вино и

- доказ за платени административни такси.

(2) Документацијата од став (1) на овој член се доставува во оригинал или копија заверена на нотар, вклучувајќи ги и изјавите.

Член 5

(1) Регистарот на производители на вино се води во електронска форма, по азбучен ред на општини каде што се наоѓа седиштето на производителите на вино.

(2) Формата и содржината на Регистарот од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Заради ажурирање на евиденцијата на Регистарот на производители на вино, производителите на вино ги пријавуваат промените на податоците во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена од нивното настанување.

Член 7

Производителот на вино се брише од Регистарот на производители на вино по предлог од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Државен инспекторат за земјоделство до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, доколку со записник од извршен инспекциски надзор се утврди дека производителот на вино:

- престанал да ги исполнува условите од членот 39 став (1) од Законот за виното (*);

- не ги доставил во пропишаниот рок извештаите од членот 40 став (1) од Законот за виното (*) и

- ги доставил извештаите од членот 40 став (1) од Законот за виното (*) со неверодостојни податоци во однос на податоците од неговата книговодствена евиденција.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот за пријавување во Регистарот и бришење од Регистарот на производители на вино, потребната документација, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/20).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 37-6428/1 | Министер за земјоделство, |
| 14 мај 2025 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Цветан Трипуновски,** с.р. |

**Прилог**

## Регистар на производители на вино

| Реден бр. | Општина каде што се наоѓа седиштето на производителот на вино | Архивски број и датум на решението за упис во Регистарот на производители на вино | Назив/име и презиме на производителот на вино | Седиште /адреса на производителот на вино | Адреса на главниот преработувачки капацитет, доколку е различна од адресата на седиштето | Матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија / ЕМБС на производителот на вино | Капацитет за прием и преработка на грозје (во тони годишно) | Капацитет за преработка и чување на вино (во литри годишно) | Капацитет на опрема за пакување на виното во шишиња (во број на шишиња на ден) | Површина под сопствени лозови насади (во хектари) | Површина под лозови насади од постојани кооперанти (во хектари) | Име и презиме на одговорното лице во правното лице-производител на вино | Вкупен број на вработени и образование на истите | Архивски број и датум на решението за бришење од Регистарот на производители на вино | Телефонски број на производителот на вино | е-маил адреса на производителот на вино |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |